# ЗАПИСНИК

*од Првата седница на Националниот совет за евроинтеграции*
*одржана на **15.09.2008 година, 15 часот***
*Уставна сала, Собрание на Република Македонија*

Седницата започна во 15.05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата беа поканети и присуствуваа Н.Е г. Бернард Валеро, амбасадорот на Република Франција во Република Македонија, Н.Е г. Ерван Фуере, специјален претставник на Европската унија и шеф на Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија, г. Патрик Паке, прв секретар и шеф на политичкиот и информативниот сектор во Делегацијата на Европската комисија, г-ѓа Ниами Волш, политички советник во Делегацијата на Европската комисија, г-ѓа Марина Курте, советник за европска интеграција и правни прашања во Делегацијата на Европската комисија, членовите на Националниот совет за евроинтеграции, претставници на синдикатите, стопанските комори, верските заедници, невладиниот сектор, медиумите и службата на Собранието на Република Македонија.

Претседателот Шекеринска ги поздрави присутните и од името на Советот изрази задоволството за почетокот со работа на новиот состав на Националниот Совет за евроинтеграции, и воедно информираше дека Советот ќе работи согласно Деловникот усвоен на 31.01.2008 година.

Пред усвојувањето на дневниот ред, Шекеринска му даде збор на Н.Е г. Ерван Фуере, специјален претставник на Европската унија и шеф на Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија.

**Н.Е г. Ерван Фуере** го поздрави работењето на Националниот совет во претходниот состав и истакна дека Советот се издигна над партиската политика и интереси, застапувајќи ги интересите на сите сектори во македонското општество кои се застапени во Советот. Во таа насока, амбасадорот Фуере изрази задоволство што новиот состав на Националниот совет почнува со својата работа и ги увери членовите и преставниците на Советот дека ја имаат целосната поддршка од Делегацијата на ЕК во Скопје, но и од сите земји членки. Амбасадорот Фуере потсети дека на 5 ноември 2008 година, Европската комисија ќе го објави Извештајот за напредокот на Република Македонија во Европската унија. Во овој извештај ќе бидат истакнати областите во кои државата има постигнато напредок, но истовремено ќе ги посочи и областите во кои сеуште постојат проблеми, кои треба да се решат. Амбасадорот Фуере истакна дека извештајот е заснован на ригорозна проценка за напредокот на државата, добиена врз основа на повеќе извештаи од Владата на РМ, другите државни инситуции и меѓународните организации и институции.

Шекеринска му се заблагодари на г. Фуере за неговото излагање и збор му даде на Н.Е г. Бернар Валеро, амбасадор на Република Франција во Република Македонија.

**Н.Е г. Бернард Валеро** го изрази своето задоволство од почетокот со работа на Националниот совет и во име на францускито претседателство со Европската унија искажа искрени и срдечни охрабрувања и поодршка за

работота на Советот. Амбасадорот Валеро изрази уверување дека во краткиот временски период кој останува до објавувањето на Извештајот на Европската комисија работата на Советот ќе претставува дополнителен придонес во однос на европската перспектива на државата.

Шекеринска му се заблагодари на г. Валеро за неговото излагање и на членовите и претставниците на Советот им го предложи следниов:

Дневен ред:

1. Реализација на Мерките и активностите за реализација на главните приоритети за пристапување во ЕУ
2. Предлози и прашања.

Дневниот ред беше усвоен едногласно.

**ТОЧКА 1: РЕАЛИЗАЦИЈА НА МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГЛАВНИТЕ ПРИОРИТЕТИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ**

Воведно излагање по оваа точка имаше заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања Ивица Боцевски.

Во дискусијата со свои излагања учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска, г. Тито Петковски, г. Андреј Жерновски, г. Александар Николовски, г-ѓа Наташа Савова- Салковска, проф. д-р Владо Камбовски, г. Скендер Бузаку, г-ѓа Силвана Бонева, г. Коце Трајановски, г. Петар Поп Арсов, г. Кенан Хасипи, г. Зоран Мироновски, г. Слободан Антевски и г. Мирче Чекреџи.

По однос на точката, Националниот совет го донесе следниот заклучок:

Националниот Совет за евроинтеграции се запозна со Извештајот за реазлизација на главните приоритети за пристапување во ЕУ, и ги советува инстиуциите во рамките на своите надлежности да направат максимум напори во спроведувањето на мерките и активностите за нивна реализација.

**ТОЧКА 2: ПРАШАЊА И ПРЕДЛОЗИ**

Во однос на оваа точка Претседателот Шекеринска информираше за претстојната посета на државниот секретар за европски прашања на Република Словенија, г-ѓа Барбра Борота и во име на Советот, средба со г-ѓа Борота ќе имаат Радмила Шекеринска, претседател, Силвана Бонева, поптретседател и Џеват Адеми, член на Советот.

Советот заврши со работа во 17.30 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки и списокот на присутни членови и претставници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Радмила Шекеринска**